# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

19 јуни 2015 | Излегува по потреба | Година X | број 8



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКО ИГРАЛИШТЕ НА ООУ ''НАУМ НАУМОВСКИ - БОРЧЕ'' - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за отстапување на трајно користење на повеќенаменско игралиште на ООУ "Наум Наумовски - Борче" - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 12.06.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2408/1**
**од 18.06.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 10 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и третата седница одржана на ден 12.06.2015 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКО ИГРАЛИШТЕ НА ООУ ''НАУМ НАУМОВСКИ - БОРЧЕ'' - СКОПЈЕ

**Член 1**

Повеќенаменското игралиште изградено на ул.''Петре Филиповски Гарката'' бб. - Скопје, КП 344 КО Маџари, се отстапува на трајно користење без надомест на ООУ ''Наум Наумовски - Борче'' - Скопје.

**Член 2**

Повеќенаменското игралиште од член 1 на оваа одлука, е во сопственост на Општина Гази Баба, врз основа на правосилно одобрение за градење УП1 бр.28-205 од 24.07.2013 година, Договор за инвестирање во изградба на повеќенаменско игралиште во Општина Гази Баба, склучен помеѓу Агенција за млади и спорт (заведен под бр.10-55/204) и Општина Гази Баба (заведен под бр.03-3580/1) на ден 30.07.2013 година и записник за извршено примопредавање на повеќенаменско игралиште во Општина Гази Баба, составен на ден 11.08.2014 година, помеѓу Агенција за млади и спорт (заведен под бр.10-17/423 од 12.08.2014 година) и Општина Гази Баба (заведен под бр.08-3163/3 од 26.08.2014 година).

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор за отстапување на трајно користење на повеќенаменското игралиште од член 1 и член 2 на оваа одлука, со директорот на ООУ ''Наум Наумовски - Борче'' - Скопје, со кој ќе се уредат правата и обврските за користење на недвижната ствар.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-2263/3**
**од 12.06.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ПОМОШНО ФУДБАЛСКО ИГРАЛИШТЕ СО ПОМОШЕН ОБЈЕКТ ВО Н.М ТРУБАРЕВО, НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за отстапување на трајно користење на помошно фудбалско игралиште со помошен објект во н.м Трубарево, на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 12.06.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2408/2**
**од 18.06.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 10 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и третата седница одржана на ден 12.06.2015 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ПОМОШНО ФУДБАЛСКО ИГРАЛИШТЕ СО ПОМОШЕН ОБЈЕКТ ВО Н.М ТРУБАРЕВО, НА ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - СКОПЈЕ

### Член 1

Помошното фудбалско игралиште со помошен објект во н.м Трубарево, изградено на КП 193 КО Трубарево, се отстапува на трајно користење без надомест на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

### Член 2

Помошното фудбалско игралиште со помошен објект од член 1 на оваа одлука, е во сопственост на Општина Гази Баба, врз основа на правосилно одобрение за градење бр.27-2591/3 од 17.06.2019 година, Договор за инвестирање во изградба на помошното фудбалско игралиште во Општина Гази Баба, склучен помеѓу Агенција за млади и спорт (заведен под бр.10-2216/1) и Општина Гази Баба (заведен под бр.03-3007/1) на ден 08.07.2009 година и записник за извршено примопредавање на помошното фудбалско игралиште со помошен објект во н.м Трубарево, Општина Гази Баба, составен на ден 12.05.2011 година, помеѓу Агенција за млади и спорт (заведен под бр.10-12/260 од 16.05.2011 година) и Општина Гази Баба (заведен под бр.08-2225/2 од 03.06.2011 година).

### Член 3

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор за отстапување на трајно користење на помошното фудбалско игралиште со помошен објект од член 1 и член 2 на оваа одлука, со директорот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, со кој ќе се уредат правата и обврските за користење на недвижните ствари.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-2263/4**
**од 12.06.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА НАМЕНАТА НА ИНВЕСТИЦИЈАТА, СО ЦЕЛ РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ - ПОВРЗУВАЊЕ НА СЕЛО ИНЏИКОВО СО НАСЕЛЕНО МЕСТО ЧЕНТО, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**(мерка 321 - подобрување на квалитетот на живот во рурални средини)**

1. Се објавува Одлуката за давање на согласност за намената на инвестицијата, со цел реализација на проектот - Поврзување на село Инџиково со населено место Ченто, Општина Гази Баба (мерка 321 - подобрување на квалитетот на живот во рурални средини), што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 12.06.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2408/3**
**од 18.06.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), а во врска со јавниот повик бр.04/2015 за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година, објавен од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Советот на Општина Гази Баба на Триесет и третата седница одржана на ден 12.06.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА НАМЕНАТА НА ИНВЕСТИЦИЈАТА, СО ЦЕЛ РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ - ПОВРЗУВАЊЕ НА СЕЛО ИНЏИКОВО СО НАСЕЛЕНО МЕСТО ЧЕНТО, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**(мерка 321 - подобрување на квалитетот на живот во рурални средини)**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност за намената на инвестицијата, со цел реализација на проектот - Поврзување на село Инџиково со населено место Ченто, Општина Гази Баба (мерка 321 - подобрување на квалитетот на живот во рурални средини).

**Член 2**

Се задолжува секторот за локален економски развој и информациско-комуникациски развој, да ја спроведе оваа одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-2263/5**
**од 12.06.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТ НА ПРОЕКТОТ - ПОВРЗУВАЊЕ НА СЕЛО ИНЏИКОВО СО НАСЕЛЕНО МЕСТО ЧЕНТО, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**(мерка 321 - подобрување на квалитетот на живот во рурални средини)**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на приоритет на проектот - Поврзување на село Инџиково со населено место Чento, Општина Гази Баба (мерка 321 - подобрување на квалитетот на живот во рурални средини), што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 12.06.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2408/4**
**од 18.06.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), а во врска со јавниот повик бр.04/2015 за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година, објавен од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Советот на Општина Гази Баба на Триесет и третата седница одржана на ден 12.06.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТ НА ПРОЕКТОТ - ПОВРЗУВАЊЕ НА СЕЛО ИНЏИКОВО СО НАСЕЛЕНО МЕСТО ЧЕНТО, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**(мерка 321 - подобрување на квалитетот на живот во рурални средини)**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба утврдува приоритет на проектот - Поврзување на село Инџиково со населено место Ченто, Општина Гази Баба (мерка 321 - подобрување на квалитетот на живот во рурални средини).

**Член 2**

Се задолжува секторот за локален економски развој и информациско-комуникациски развој, да ја спроведе оваа одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-2263/6**
**од 12.06.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА НАМЕНАТА НА ИНВЕСТИЦИЈАТА, СО ЦЕЛ РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ - ПОВРЗУВАЊЕ НА СЕЛО СТАЈКОВЦИ СО НАСЕЛЕНО МЕСТО ЧЕНТО, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**(мерка 323 - зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја)**

1. Се објавува Одлуката за давање на согласност за намената на инвестицијата, со цел реализација на проектот - Поврзување на село Стајковци со населено место Ченто, Општина Гази Баба (мерка 323 - зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја), што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 12.06.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2408/5**
**од 18.06.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), а во врска со јавниот повик бр.04/2015 за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година, објавен од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Советот на Општина Гази Баба на Триесет и третата седница одржана на ден 12.06.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА НАМЕНАТА НА ИНВЕСТИЦИЈАТА, СО ЦЕЛ РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ - ПОВРЗУВАЊЕ НА СЕЛО СТАЈКОВЦИ СО НАСЕЛЕНО МЕСТО ЧЕНТО, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**(мерка 323 - зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја)**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност за намената на инвестицијата, со цел реализација на проектот - Поврзување на село Стајковци со населено место Ченто, Општина Гази Баба (мерка 323 - зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја).

**Член 2**

Се задолжува секторот за локален економски развој и информациско-комуникациски развој, да ја спроведе оваа одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

` **Број 09-2263/7**
**од 12.06.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТ НА ПРОЕКТОТ - ПОВРЗУВАЊЕ НА СЕЛО СТАЈКОВЦИ СО НАСЕЛЕНО МЕСТО ЧЕНТО, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**(мерка 323 - зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја)**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на приоритет на проектот - Поврзување на село Стајковци со населено место Ченто, Општина Гази Баба (мерка 323 - зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја), што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 12.06.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2408/6**
**од 18.06.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), а во врска со јавниот повик бр.04/2015 за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година, објавен од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Советот на Општина Гази Баба на Триесет и третата седница одржана на ден 12.06.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТ НА ПРОЕКТОТ - ПОВРЗУВАЊЕ НА СЕЛО СТАЈКОВЦИ СО НАСЕЛЕНО МЕСТО ЧЕНТО, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**(мерка 323 - зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја)**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба утврдува приоритет на проектот - Поврзување на село Стајковци со населено место Ченто, Општина Гази Баба (мерка 323 - зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја).

**Член 2**

Се задолжува секторот за локален економски развој и информациско-комуникациски развој, да ја спроведе оваа одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-2263/8**
**од 12.06.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА НАМЕНАТА НА ИНВЕСТИЦИЈАТА, СО ЦЕЛ РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ - ИЗГРАДБА НА УЛИЦА "АНТОН ВЕЛКОВ" СЕЛО СТАЈКОВЦИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**(мерка 322 - обнова и развој на селата)**

1. Се објавува Одлуката за давање на согласност за намената на инвестицијата, со цел реализација на проектот - Изградба на улица "Антон Велков" село Стајковци, Општина Гази Баба (мерка 322 - обнова и развој на селата), што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 12.06.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2408/7**
**од 18.06.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), а во врска со јавниот повик бр.04/2015 за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година, објавен од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Советот на Општина Гази Баба на Триесет и третата седница одржана на ден 12.06.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА НАМЕНАТА НА ИНВЕСТИЦИЈАТА, СО ЦЕЛ РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ - ИЗГРАДБА НА УЛИЦА "АНТОН ВЕЛКОВ" СЕЛО СТАЈКОВЦИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**(мерка 322 - обнова и развој на селата)**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност за намената на инвестицијата, со цел реализација на проектот - Изградба на улица "Антон Велков" село Стајковци, Општина Гази Баба (мерка 322 - обнова и развој на селата).

**Член 2**

Се задолжува секторот за локален економски развој и информациско-комуникациски развој, да ја спроведе оваа одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-2263/9**
**од 12.06.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТ НА ПРОЕКТОТ - ИЗГРАДБА НА УЛИЦА "АНТОН ВЕЛКОВ" СЕЛО СТАЈКОВЦИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**(мерка 322 - обнова и развој на селата)**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на приоритет на проектот - Изградба на улица "Антон Велков" село Стајковци, Општина Гази Баба (мерка 322 - обнова и развој на селата), што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 12.06.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2408/8**
**од 18.06.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), а во врска со јавниот повик бр.04/2015 за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година, објавен од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Советот на Општина Гази Баба на Триесет и третата седница одржана на ден 12.06.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТ НА ПРОЕКТОТ - ИЗГРАДБА НА УЛИЦА "АНТОН ВЕЛКОВ" СЕЛО СТАЈКОВЦИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**(мерка 322 - обнова и развој на селата)**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба утврдува приоритет на проектот - Изградба на улица "Антон Велков" село Стајковци, Општина Гази Баба (мерка 322 - обнова и развој на селата).

**Член 2**

Се задолжува секторот за локален економски развој и информациско-комуникациски развој, да ја спроведе оваа одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-2263/10**
**од 12.06.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Правилникот за заштита од пожари и експлозии на подрачјето на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 12.06.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2408/9**
**од 18.06.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 10, член 36 став (1) точка (15) и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 34 став (1) точка 3 алинеја 1 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11 и 41/14) а во врска со Упатството за содржината на правилникот за заштита од пожари и експлозии на државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи, трговските друштва, трговците поединци и други правни лица ("Службен весник на РМ" бр.80/11) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и третата седница одржана на ден 12.06.2015 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој правилник се утврдуваат начинот и мерките на остварувањето на заштита од пожари и експлозии на подрачјето на Општина Гази Баба (во натамошниот текст: "општината"), како и правата и обврските на вработените во врска со заштитата од пожари и експлозии.

**Член 2**

Заштита од пожари и експлозии ја сочинуваат мерките со кои ќе се отстранува, односно намалува опасноста од пожари и експлозии, спречување на настанување, негово ширење и гаснење, како и спасување на луѓе и имот кои можат да бидат загрозени.

**Член 3**

Одредбите на овој правилник се однесуваат на сите вработени во општината, лица кои вршат работи за општината по основа на некој друг граѓанско - правен основ, како и лица кои се затекнале во општинските објекти по било кој основ.

**Член 4**

Со заштита од пожар и експлозии се опфаќа севкупниот имот на општината кој го сочинуваат: бараки, згради, објекти, гаражи, спортски сали, спортски и забавни игралишта, возила, апарати, машини, хартии од вредност, парични средства и други движни или недвижни ствари во сопственост на општината.

**Член 5**

Во спроведувањето на мерките за заштита од пожар и експлозии, работниците со посебни права и одговорности, како и одговорните работници за спроведувањето на заштитата од пожар и експлозии, постапуваат согласно законските надлежности и овластувања.

## II. ОРГАНИЗАЦИОНАТА, ФУНКЦИОНАЛНАТА И ПРОСТОРНАТА ПОСТАВЕНОСТ НА ОПШТИНАТА

**Член 6**

Општина Гази Баба е единица на локалната самоуправа која врши дејност од јавен интерес.

Органи на општината се Советот и Градоначалникот избрани од граѓаните на непосредни избори.

Со Советот на општината раководи Претседател избран од редовите на членовите на Советот.

Со општинската администрацијата раководи Градоначалникот на општината.

Со актот за систематизација на работните места на општинската администрација, како највисок државен службеник е предвиден Секретар на општината.

Општинската администрација е организирана во сектори и одделенија.

Со секторите и одделенијата раководат раководители на сектори и одделенија.

**Член 7**

Органите на општината своите функции ги извршуваат согласно своите надлежности, предвидени со Законот за локалната самоуправа, Законот за Градот Скопје, Статутот на Општина Гази Баба и други законски и подзаконски акти.

**Член 8**

Просторно општината својата надлежност ја извршува на цела територија утврдена со точни граници согласно Законот за територијална организација на локалната самоуправа.

Во рамките на своите граници, во општината Гази Баба се формирани 10 урбани и 15 месни заедници, кои своите надлежности ги извршуваат согласно Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба.

Градоначалникот на општината може дел од своите надлежности да пренесе на месните и урбаните заедници при што е потребно да се обезбедат финансиски средства за нивно извршување.

## III. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАР И ЕКСПЛОЗИИ

**Член 9**

Со цел да се спречи настанување на пожари и експлозии, како и спречување на нивното ширење во општината со овој правилник, а согласно закон се утврдуваат следните мерки за заштита:

### А) Општи мерки за заштита од пожар

**Член 10**

Општите мерки за заштита од пожари и експлозии во општината се следни:

- Обезбедување на сите објекти и простории со соодветна техничка опрема и средства за гаснење на пожар, зависно од степенот на опасноста;
- Противпожарната опрема мора да биде исправна и поставена на видни места, пристапна до секој вработан, во случај на настанување на пожари иексплозии истата да може да биде употребена за негово гасење;
- Донесување на план за заштита од пожар на објектите и отворен простор;
- Доследно спроведување и контрола на спроведувањето на пропишаните мерки за заштита од пожари и експлозии;
- Видно означување на хидрантите;
- Поставување на видно место на апаратите за гаснење на пожар;
- Одржување на средствата за заштита од пожар во исправна состојба како и забрана за нивно користење за други цели;
- При проектирањето, изградбата, доградбата и адаптацијата на објекти, задолжително да се применува Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи;
- По завршувањето на работното време, вработените се должни да ги исклучат електро-апаратите кои можат да предизвикаат пожар;
- Работникот кој ќе забележи пожар, должен е веднаш да алармира за неговото избувнување и да постапи соодветно со другите пропишани мерки за негово локализирање и гаснење;
- Електричните апарати и инсталации во сите објекти и простории мораат секогаш да бидат исправни и инсталирани согласно на прописите, а преглед и поправки можат да вршат само стручни лица;

- Во просториите на објектите во кои е зголемена опасноста од избувнување на пожар и експлозии, на видно место мораат да се поставаат натписи и ознакиза забрана на пушење, гаснење на отворен оган и експлозии;
- Излезите и ходниците за евакуација на луѓе и имот мораат секогаш да бидат слободни; и
- Приодите - сообраќајниците до објектот мора да бидат постојано слободни за пристап на возила.

**Б) Посебни мерки за заштита од пожари и експлозии**

**Член 11**

Во просториите во кои поради процесот на работењето е зголемена опасноста од избувнување на пожар или експлозија се превземаат посебни мерки за заштита од пожар и експлозии.

**Член 12**

Мерките за противпожарна заштита кои се применуваат во работните процеси во кои се користат запаливи течности и експлозивни материјали, при нивното складирање и манипулација или во просториите во кои постои опасност од создавање на статички електрицитет, како и противпожарни мерки кои се однесуваат на уреди и инсталации, ќе се пропишат со упатство од страна на Градоначалникот на општината.

**Член 13**

Во објектите и просториите во кои се складираат запаливи материи, мора да се обезбеди слободен пристап до апаратите и уредите за гаснење на пожар.

Во сите простории каде е складиран или се ракува со лесно запалив материјал или течности, на видно место се истакнува забрана на пушење и користење на средства кои искрат и испуштаат отворен пламен.

**Член 14**

Отпад, хартија, крпи, масла и друг лесно запалив материјал за време на користењето се држат во соодветни садови, а по употребата се фрлаат на места определени за тоа, кои мораат редовно да се чистат.

Забрането е фрлање на отпад по ходници, влезови, други простории и дворови.

**Член 15**

Ходниците и скалилата мораат секогаш да бидат слободни за поминување иво нив е забрането оставање на било каков материјал, хартии и слично.

Во ходниците мора да се наоѓа потребен број на противпожарни апарати.

Пред и околу апаратите и хидрантите за гасење на пожар забрането е оставање на било какви предмети.

**Член 16**

Во просториите наменети за одржување на состаноци, предавања и други собири, каде се собира поголем број на граѓани, освен што се превземаат општи мерки за заштита од пожар , по потреба зависно од проценката на безбедносните услови за време на траењето на состанокот и слично, може да се обезбеди и противпожарна служба.

Одлуката за посебните мерки за заштита од пожар од ставот (1) на овој член ја донесува Градоначалникот на општината.

## IV. НАЧИН НА ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ОПШТИНАТА СО ОПАСНОСТИТЕ ОД ПОЖАР И ЕКСПЛОЗИИ

**Член 17**

Лице кое е вработено во општината со било каков статус и на било кое работно место, задолжително покрај другите работи се запознава и со самозаштитата, колективната заштита и со заштитата и спасувањето општо и посебно со заштитата од пожари и експлозии, преку непосредно проучување на овој правилник и плановите за заштита и спасување од пожари и експлозии на општинските објекти и на отворен простор.

**Член 18**

Кога вработено лице во општината се распоредува од едно на друго работно место, истото покрај што се запознава со работните задачи и со обврски од непосредниот раководител се запознава со сите специфичности за работното место и со опасностите од избувнување на пожар и експлозии, како и за оптовареност на работното место со можност од настанување на пожар и што треба да се превзема како мерки за да се спречи настанување на пожар.

## V. НАЧИН НА ОБУЧУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ОПШТИНАТА ЗА УЧЕСТВО ПРИ ГАСЕЊЕ НА ПОЖАР

**Член 19**

Обуката на вработените во општината за заштита од пожари и експлозии, се остварува континуирано во секоја тековна година, од членовите на општинскиот штаб за заштита и спасување кои се лиценцирани, како и со ангажирање на стручни лица од областа на заштита од пожари и експлозии.

**Член 20**

Со обуката вработените во општината се оспособуваат за учество во гасење на пожари, во ракување со уредите, техничката опрема, средствата за гасење на пожари со кои располага општината и нивно одржување.

**Член 21**

Техничката опрема и средствата за гасење на пожар се состои од апарати за гасење на пожар, заштитата на таа опрема и техничка расфетна опрема и слично.

**Член 22**

Вработените во општината располагаат со следната опрема за заштита од пожар и експлозии:

- Противпожарни апарати со прав и за суво гасење;
- Хидранти опремени со црева и млазници; и
- Буриња со вода и кофи, сандаци со песок, лопати и друга опрема за гасење на пожар.

## VI. РАСПОРЕДОТ И ВРЕМЕТО НА ИСПИТУВАЊЕ НА УРЕДИТЕ, ТЕХНИЧКАТА ОПРЕМА И СРЕДСТВАТА ЗА ГАСЕЊЕ НА ПОЖАР ВО ОПШТИНАТА

**Член 23**

Задолжително се врши контрола на исправноста на противпожарните средства и тоа:

- На противпожарните апарати и другите средства за гасење, еднаш на секоја година;
- На хидрантите, вентилите, цревата, млазниците и друго, еднаш на секои шест месеци;
- На бурињата со вода, сандаците со песок, кофите и другиот прибор и алат по потреба од време на време, и
- Натписите со известувања, опомени и друго.

Секоја извршена контрола се заведува во посебна книга за евиденција, а преглед и контрола на противпожарните апарати се заведува во картонот прикачен на апаратот.

Мерењето и испитувањето на противпожарните апарати и уреди се обавува согласно со позитивните правни и технички прописи.

**Член 24**

Контрола, сервис и полнење на противпожарните апарати и уреди може да ги извршува само професионална лиценцирана служба.

## VII. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОТИВПОЖАРНАТА ЗАШТИТА И ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА

**Член 25**

Заради утврдување на конкретни мерки на противпожарната заштита се донесува план за заштита од пожари на објектите и на отворен простор (шумите).

**Член 26**

Планот за заштита од пожар содржи:

- Проценка на загрозеност од пожар и експлозија;
- Организација на заштита од пожар; и
- Други потребни мерки за успешно функционирање на планот за заштита од пожар.

**Член 27**

Вработените во општината ги имаат следните должности:

- Да се придржуваат до сите прописи во врска со заштитата од пожар и експлозии и до одредбите на овој правилник;
- Да бидат инфорирани со пожарните опасности на своето работно место и во објектот и за своите обврски од доменот на противпожарната заштита;
- Да бидат информирани со општите начела за заштита од пожар, гасење на пожар и употреба на противпожарни апарати и други средства;
- Да учествуваат во организирана обука за противпожарна заштита;
- Да не се натрупува лесно запалив материјал на своите работни места;
- Веднаш да пријават на непосредните раководители за секоја промена на уредите и електроинсталацијата и на другите уреди и електроинсталацијата и на другите средства кои можат да предизвикаат пожар;
- Да не пушат на местата каде е тоа забрането;
- Да учествуваат во гасењето на пожарот;
- Да се грижат за средствата и апаратите за гасење на пожар секогаш да бидат на своите места; и
- По завршувањето на работното време да ги отстранат од своето работно место и поблиската околина сите опасности кои би можеле да предизвикаат пожар.

Непридржување до прописите за заштита од пожар и експлозии и до одредбите на овој правилник претставува повреда на работната дисциплина.

**Член 28**

Градоначалникот на Општината се грижи за навремено спроведување на мерки за заштита од пожари и експлозии предвидени со овој правилник.

**VIII. ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

**Член 29**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-2263/11**
**од 12.06.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ИЗМЕНА НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА ВО НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-3223 ЗА КП 4157/7 И КП 4157/8 КО СИНГЕЛИЌ - 1**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на приоритет на проектот - Изградба на улица "Антон Велков" село Стајковци, Општина Гази Баба (мерка 322 - обнова и развој на селата), што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 12.06.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2408/10**
**од 18.06.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14 и 199/14), член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13 и 109/14), член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и третата седница одржана на ден 12.06.2015 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ИЗМЕНА НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА ВО НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-3223 ЗА КП 4157/7 И КП 4157/8 КО СИНГЕЛИЌ - 1

### Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект од локално значење со УП1 бр.28-3223 од 08.07.2011 година од страна на **Алија Шахиќ** од Скопје, а се однесува на објект бр.1 со намена Б4 -деловни простории, кој се наоѓа на КП 4157/7 и КП 4157/8 КО Сингелиќ - 1, ул."Антон Попов" бр.8, Советот на Општина Гази Баба констатира дека може да се изврши промена на намената на планираното заштитно зеленило во урбанистичко-планска документација, согласно член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13 и 109/14).

Дел од бесправниот објект е изграден на земјиште на кое е планирано заштитно зеленило предвидено со Одлука за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од МЗ Маџари 2, усвоена од Советот на Општина Гази Баба, бр.07-425/4 од 29.05.2003 година ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/03).

### Член 2

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на подрачјето на Општина Гази Баба, заради усогласување на намената на земјиштето и вклопување на бесправно изградениот објект.

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од став 1 од овој член, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-2263/12**
**од 12.06.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИТЕ ОБЈЕКТИ, ЗА СЕЛО ЈУРУМЛЕРИ**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на потребата за донесување на урбанистичко - планска документација, со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти за село Јурумлери, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 12.06.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2408/11**
**од 18.06.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14 и 199/14) а во врска со член 2 став (2) од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14 и 64/15), член 22 став (1) точка 1, член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и третата седница одржана на ден 12.06.2015 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИТЕ ОБЈЕКТИ, ЗА СЕЛО ЈУРУМЛЕРИ

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува потребата за донесување на урбанистичко- планска документација, со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, за село Јурумлери.

**Член 2**

При донесување на урбанистичко-планската документација, сите објекти кои ќе добијат решение за утврдување на правен статус на бесправен објект запишано во јавната книга на недвижности, ќе бидат вклопени во урбанистичко-планската документација.

**Член 3**

За спроведување на оваа одлука надлежен е секторот за урбанизам и градежно земјиште на Општина Гази Баба.

**Член 4**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистички план за село Јурумлери, со кој ќе се изврши вклопување на бесправните објекти, на подрачјето на КО Јурумлери, бр.07-5419/32 од 20.12.2013 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.16/13).

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-2263/13**
**од 12.06.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИТЕ ОБЈЕКТИ, ЗА СЕЛО ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на потребата за донесување на урбанистичко - планска документација, со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти за село Гоце Делчев, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 12.06.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2408/12**
**од 18.06.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14 и 199/14) а во врска со член 2 став (2) од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14 и 64/15), член 22 став (1) точка 1, член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и третата седница одржана на ден 12.06.2015 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИТЕ ОБЈЕКТИ, ЗА СЕЛО ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

### Член 1

Со оваа одлука се утврдува потребата за донесување на урбанистичко- планска документација, со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, за село Гоце Делчев.

### Член 2

При донесување на урбанистичко-планската документација, сите објекти кои ќе добијат решение за утврдување на правен статус на бесправен објект запишано во јавната книга на недвижности, ќе бидат вклопени во урбанистичко-планската документација.

### Член 3

За спроведување на оваа одлука надлежен е секторот за урбанизам и градежно земјиште на Општина Гази Баба.

### Член 4

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистички план за село Гоце Делчев, со кој ќе се изврши вклопување на бесправните објекти, на подрачјето на дел од КО Трубарево и дел од КО Јурумлери, бр.07-5419/36 од 20.12.2013 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.16/13).

### Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-2263/14**
**од 12.06.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ, ЗА ИЗГРАДБА НА СПОРТСКИ КОМПЛЕКС "ФУДБАЛСКИ ТРЕНИНГ ЦЕНТАР"**

1. Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежното земјиште, за изградба на Спортски комплекс "Фудбалски тренинг центар", што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 12.06.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2408/13**
**од 18.06.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 59 став (12) од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14 и 44/15), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и третата седница одржана на ден 12.06.2015 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ, ЗА ИЗГРАДБА НА СПОРТСКИ КОМПЛЕКС "ФУДБАЛСКИ ТРЕНИНГ ЦЕНТАР"

**Член 1**

